РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1905/1
05-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2047/1 од 29.07.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи против лицето ----------------------, директор на ЈКП ---------------------, поради сомневање за незаконско користење на службено возило во текот на работното време за приватни и лични потреби и наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена врз основа на јавен оглас број ---------/-------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од доставената пријава.

Предметот со број 12-2047/1 од 29.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

ДКСК постапува по предмет оформен по пријава со број 12-2047/1 од 29.07.2025 година, во која се изнесени наводи против лицето -----------------, директор на ЈКП --------------------, поради сомневање за незаконско користење на службено возило во текот на работното време за приватни и лични потреби и наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена врз основа на јавен оглас број --------/--------.
Во конкретниот случај станува збор за користење на службено возило со марка ------------, кое именуваното лице го користел во текот на работното време за приватни и лични потреби. Наводите за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка спроведена врз основа на јавен оглас број --------/--------, се однесуваат на набавка на Опрема

за транспорт и помошна опрема за пренесување (резервни делови за одржување на товарни и патнички возила, работна машина и авто гуми), а по однос на тоа дека оваа набавка била извршена со повисока цена од пазарната цена.

Во насока на утврдување на фактичка состојба по предметот, ДКСК достави барање за прибирање на информации до ЈКП -----------------------------.
На 25.09.2025 година, ЈКП ---------------------- достави одговор со прилог документација. ДКСК ја разгледа истата и од увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), ја утврди следната фактичка состојба:

I.- Предметната јавна набавка е планирана во Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на ЈКП ------------------------, со предмет на договор за јавна набавка: Договор за јавна набавка на резервни делови за одржување на товарни и патнички возила, работна машина и авто гуми.
-Согласно Годишниот план за јавни набавки со бр.---------- од 13.01.2025 година и Одлуката за потреба од јавна набавка бр.-------------- од 12.02.2025 година, од страна на ЈКП -------------, на ден 12.02.2025 година преку ЕСЈН објавен е Јавен оглас со бр.-------/-------- за спроведување на постапка за јавна набавка на резервни делови за одржување на товарни и патнички возила, работна машина и авто гуми. Рокот за поднесување на понуди бил предвиден до 27.02.2025 година. Проценетата вредност на вкупната јавна набавка изнесувала 1.416.000,00 денари со ДДВ.
- Во тендерската документација за доделување на предметниот договор за јавна набавка било утврдено да се примени поедноставена отворена постапка, а критериум за доделување на договор за јавна набавка е предвиден да биде најниска цена.
- Во точка 1.3.2 на Тендерската документација, како и во точка II.9 од јавниот оглас предвидено е дека предметот на постапката за јавна набавка е деллив и тоа: ДЕЛ 1 - Резервни делови за лесни моторни возила; ДЕЛ 2 - Резервни делови за товарни возила; ДЕЛ 3 –Гуми и ДЕЛ 4 - Услуги за сервисирање.
-Износот на проценета вредност од 1.416.000,00 денари со ДДВ, се однесува на вкупната јавна набавка односно, не е определена поединечна проценета вредност по делови на набавката.
- На ден 27.02.2025 година, Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка, извршила јавно отварање на понудите и направила споредба со пазарните цени, при што утврдила дека е поднесена само една понуда и тоа за ДЕЛ 2, ДЕЛ 3 и ДЕЛ 4 од набавката со вкупна цена од 1.298.000,00 денари со ДДВ, доставена од економскиот оператор Друштво за производство, услуги и трговија ------------2018 увоз-извоз ----------. За јавното отварање на понудите Комисијата изработила Записник со датум од 27.02.2025 година.

- ЈКП -----------------------, на ден 11.03.2025 година донел три Одлуки за избор на најповолна понуда за ДЕЛ 2, ДЕЛ 3 и ДЕЛ 4 од набавката и за сите како најповолен понудувач ја избрал понудата на ДПУТ --------------- ДООЕЛ ----------.

Воедно, истиот ден, согласно член 114 став 2 алинеја 2 и став 4 од Законот за јавни набавки, комуналното претприатие донело и Одлука за поништување на дел на постапката за јавна набавка, конкретно ДЕЛ 1 од набавката – Резервни делови за лесни моторни возила, поради тоа што за истото не била поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда.

- На 10.04.2025 година, ЈКП ------------------ склучило три Договори за јавна набавка на стоки со најповолниот и единствен понудувач ДПУТ --------------- ДООЕЛ ----------. Договорите биле склучени во вкупен износ од 1.298.000,00 денари со ДДВ, а износот на поединечните договори изнесувал: 660.800,00 денари за ДЕЛ 1; 401.200,00 денари за ДЕЛ 2 и 236.000,00 денари за ДЕЛ 3.

- До денот на доставување на одговорот до ДКСК, биле реализирани/потрошени само 200.000,00 денари од износот на склучените договори, исплатени по доставени фактури од избраниот економски оператор.

Од сето погоре наведено во врска со наводите за сомневање за незаконитости во предметната постапка за јавна набавка, ДКСК констатира дека јавната набавка била реализирана во рамките на вкупната проценета вредност на набавката со ДДВ, што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи.

II. По однос на наводите за сомневање за незаконско користење на службеното возило во текот на работното време за приватни и лични потреби од страна на директорот на ЈКП ---- -----------------------, ---------------, ДКСК ја разгледа доставената документација и констатира дека службеното возило марка „--------------“ било користено од страна на наведеното лице согласно Правилникот за користење на службено возило со арх.бр. ---------- од 15.10.2024 година, донесен од страна на директорот на јавното претпријатие врз основа на Одлука за начинот на користење и одржување на службените возила донесена од Владата на РСМ („Службен Весник на РСМ“ бр.214/21) и врз основа на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на РСМ бр.12/19). Користењето на наведеното службено возило секогаш било проследено со Налог за службено патување, одобрен за 2024 година и 2025 година, а поткрепен со фискални сметки и налог за користење патничко возило за службени дејствија.

Имајќи го предвид сето погоре наведеното, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D., член/anëtar